**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-571/14
Датум: 1.4.2020 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019) и член 18 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 1.4.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

за доуредување и уредување на прашањата поврзани со
начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба

## Предмет на уредување

Член 1

Со оваа Одлука се уредува и доуредува начинот на реализација на дејноста (начинот на работа) на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) согласно Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр.489/2020) (во натамошниот текст: Правилникот) во услови на важење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Сл. весник на РСМ бр.76/2020)

## Настава

Член 2

Наставата на прв циклус студии на Факултетот (предавања, аудиториски вежби, лабораториски вежби (кога е можно), консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти и сл.) ќе се изведува преку електронски средства за комуникација во рамките на компјутерскиот систем на Факултетот.

Член 3

Наставата од точка 1 на оваа одлука ќе се реализира според распоредот што е објавен за летниот семестар од учебната 2019/2020 година, преку порталот за е-учење на Факултетот, со користење на платформата за видео-конференции Zoom, интегрирана на порталот e-kursevi.

За да го отпочне часот (предавање, или аудито-риски вежби), предметниот наставник или соработник се најавува на e-kursevi и постапува според донесеното Упатство објавено на e-kursevi.

Член 4

За реализација на наставата по предметите на кои се запишани помал број студенти, видео лекциите може да се организираат и со поддршка на BigBlueButton, кој е вграден во системот за учење e-kursevi.

За да го отпочне и одржи часот со поддршка на BigBlueButton, предметниот наставник/соработник постапува според донесеното Упатство објавено на e-Kursevi.

Член 5

Предметниот наставник, доколку утврди дека постои можност, може да организира виртуелни лабораториски вежби, за што по електронски пат го известува продеканот за настава.

Член 6

Консултациите ќе се одржуваат во објавените термини преку видео-конференција, или по е-маил во договор со предметниот наставник/соработник.

Член 7

Семинарски работи, домашни задачи, проекти и другите форми на настава што се предвидени со акредитацијата се изведуваат преку електронскиот систем според распоредот што го прави предметниот наставник.

Член 8

Лабораториските вежби за кои е неопходно физичко присуство на студентите во лабораториите, ќе се одржат концентрирано во термини што ќе бидат дополнително определени по создавањето услови за тоа.

Член 9

Предметните наставници се должни на порталот e-kursevi да поставaт и материјали (авторизирани предавања, скрипти и др.), вклучувајќи ги учебниците и учебните помагала во издание на Факултетот.

Член 10

Наставата на втор и трет циклус студии ќе се изведува преку електронски средства за комуникација во договор помеѓу студентот и предметниот наставник.

## Проверка на знаењата и оценување

Член 11

Проверката на знаењата преку колоквуми, за прв циклус студии, и испити (за сите три циклуси студии) нема да се спроведува со примена на електронски средства за комуникација и истата ќе се спроведе кога ќе се создадат услови за тоа.

Како дел од завршното оценување може да се врши вреднување на одредени активности (семинарска работа, домашна работа, проекти и други активности предвидени со предметната програма) на студентите што се изразува со поени.

**Одбрана на дипломска работа и магистерски труд**

Член 12

Одбраната на дипломска работа и магистерски труд може да се врши со примена на видео-конференциската платформа Zoom само ако до денот на донесувањето на оваа одлука е завршена менторската фаза (се предадени преку архивата на Факултетот).

По исклучок од став 1 на овој член, а на барање на студентот, одбраната на дипломска работа и магистерски труд може да се одложи до создавање на услови за нивно нормално одвивање

Член 13

Роковите за започнатите постапки за одбрана на дипломска работа како и на магистерски труд пред донесувањето на оваа одлука, се продолжуваат до создавање услови за нивно нормално одвивање.

Роковите за пријавување и поднесување дипломска работа како и магистерски труд пред донесувањето на оваа одлука, се запираат и не течат додека трае вонредната состојба.

**Докторски студии**

Член 14

Предавањата, семинарите и другите обврски согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот, се реализираат со примена на електронски средствата за комуникација согласно член 3 и 4 од оваа одлука.

По исклучок од став 1 на оваа одлука нема да се реализираат конференции, меѓународна мобилност и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд.

Член 15

Одбраната на докторски труд може да се врши во целост со примена на видео-конференциска платформа ако е завршена менторската фаза и рецензијата/извештајот за оценка на докторскиот труд е објавен во Билтенот на Универзитетот.

На барање на студентот кој ги исполнил условите од став 1 на овај член, Факултетот може да дозволи одбраната на докторски труд да се одложи до создавање услови за негово нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд пред влегување во сила на оваа одлука, се продолжува за времето додека трае вонредната состојба.

Член 16

Роковите за започнатите постапки за оценка и одбрана на докторски труд пред донесувањето на оваа одлука, се продолжуваат до создавање услови за нивно нормално одвивање.

Роковите за пријавување на подобност на тема за изработка на докторски труд, се запираат и не течат додека трае вонредната состојба.

**Одржување седници на органите на Факултетот**

Член 17

Седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа ќе се одржуваат преку системот за видео-конференции Zoom.

На седниците од став 1 на овој член не може да се гласа за точки за кои е предвидено тајно гласање.

Начинот на одржување на седниците од точка 1 на оваа одлука ќе важи до денот на создавање услови за одржување на седници со непосредно присуство на членовите.

Продолжува да се применува и електронско одржување на седници на Деканатската управа, согласно Деловникот за работа и одлучување на органите и телата на Факултетот.

**Работа на домашни и во меѓународни проекти**

Член 18

Работата на домашни и во меѓународни проекти може да се врши доколку таа не е во спротивност со мерките на Владата.

Доколку видот на работата на проектите од став 1 на овој член го дозволува тоа, таа може да се одвива со примена на средствата за електронска комуникација додека не се создадат услови за нормално функционирање.

**Објавување во Билтенот на Универзитетот**

Член 19

Лекторирањето на материјалите што Факултетот ги објавува во Билтенот на Универзитетот се врши преку електронско доставување од лице вработено на Факултетот, овластено од деканот.

Материјалот (реферат/рецензија/извештај и сл.) што се испраќа на лекторирање е во PDF-формат со оригиналните потписи на сите членови на соодветните комисии, како и во Word-формат.

Материјалот во PDF и во Word формат се испраќа електронски од страна на овластеното лице, заедно со пропратно писмо потпишано од овластен потписник од Факултетот во PDF-формат.

Член 20

Лекторираниот материјал, во Word-формат, ќе биде испратен електронски од страна на овластеното лице од член 19 од оваа одлука на е-адресата bilten@ukim.edu.mk за објавување во Билтенот на Универзитетот.

**Издавање дипломи и додатоци на дипломи и одржување промоции**

Член 21

Се одложува постапката за издавање дипломи и додатоци на дипломи на студентите до повлекување на мерките, освен за дипломи и додатоци на дипломи од итен карактер.

Промоцијата на дипломираните студенти нема да се одржуви во вообичаениот термин.

## Административни работи за потребите на студентите

Член 22

Одделението за студентски прашања ќе работи со студенти само по претходна најава на мејл адресата што е објавена на веб страницата на Факултетот и им е доставена електронски на мејл адресите на студентите во работното време што го определува Факултетот, кое се објавува на веб страницата.

Комуникацијата со вработените во Одделението за студентски прашања и студентите е преку шалтер со обезбедена заштита.

Документацијата која ја издаваат Факултетот може да биде потпишана електронски или во материјална форма и скенирана да биде вратена на барателот. Оригинал се издава доколку издадениот документ барателот треба да го приложи во друга институција, а институцијата го бара тоа.

## Работа на стручните и административни служби

Член 23

Вработените во Стручната и административна служба на Факултетот, по правило, ќе работат од дома.

Дел од работните задачи кои не можат да се извршуваат од дома (архива, студентска служба, курирска служба, хигиеничарки, кога е потребно и сметководство), ќе се извршуваат со доаѓање на работа, почитувајќи ги мерките.

Извршувањето на задачите од став 2 на овој член ќе се врши со дежурства или по претходна најава за потребата од извршување на работи од одредено работно место. Вработените ќе бидат известени за начинот за најава.

Контактите со странки треба да бидат сведени на минимум и да се применуваат мерките за заштита (соодветно растојание, употреба на маски, средства за дезинфекција и др.).

## Грижа за имотот, негово осигурување и мерки за тековно инвестициско одржување на објектите и имотот

Член 24

Грижата за имотот, неговото осигурување и мерките за тековно и инвестициско одржување на објектите каде работи Факултетот ќе се остваруваат во рамките на мерките.

## Завршни одредби

Член 25

Оваа одлука се применува додека трае вонредната состојба.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

Член 26

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски